УДК 77.03:910.4Кондаков, Н. П.(497.7)"1900"(049.3)
УДК 77.03:[001.32:39(497.711)"1900"(049.3)
DOI
Датум на прием: 18.2.2026
Датум на прифаќање: 19.2.2026

# ОСВРТ КОН ИЗЛОЖБАТА „МАКЕДОНИЈА ВО 1900 ГОДИНА. ФОТОГРАФИИ ОД НАУЧНАТА ЕКСПЕДИЦИЈА НА НИКОДИМ ПАВЛОВИЧ КОНДАКОВ“

Емилија Апостолова Чаловска
ЈНУ Институт за фолклор „Марко Цепенков“ – Скопје
apostolova_ema@yahoo.com

Во рамките на пригодните свечености со кои, во текот на минатата, 2025 година ЈНУ Институт за фолклор „Марко Цепенков“ – Скопје прослави 75 години од своето основање, беше реализирана и изложбата под наслов „Македонија во 1900 година. Фотографии од научната експедиција на Никодим Павлович Кондаков“. Истовремено, со поставувањето на оваа изложба беа одбележани уште два значајни јубилеи. Првиот се однесува на 125 години од реализацијата (во летото 1900 година) на мошне значајната научноистражувачка експедиција на руската академија на науките во Македонија, во нејзините географски граници, предводена од академикот Никодим Павлович Кондаков (1844 – 1925). Вториот, пак, одбележува 100 години од неговата смрт, во 1925 година.

Изложбата претставува дел од проектот „125 години од научната експедиција на Н. П. Кондаков во Македонија (1900 година)“, реализиран од страна на ЈНУ Институт за фолклор „Марко Цепенков“ – Скопје, со поддршка на Министерството за култура и туризам на РС Македонија, во рамките на Годишниот конкурс за финансирање проекти од национален интерес во културата за 2025 година во областа на музејската дејност и на заштитата на нематеријалното културно наследство. Автор на изложбата и на дизајнот на изложбената поставка е доц. д-р Емилија Апостолова Чаловска, научен соработник – истражувач на народната архитектура во Одделот за традиционални уметности и архитектура при Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ – Скопје. Секако, во реализацијата на изложбата зедоа учество и неколку колеги од Институтот за фолклор, како и надворешни соработници.[1]

[1] Учесници/соработници во реализацијата на изложбата беа: Блага Ангелкова и Цане Серафимовски, архивисти во ЈНУ Институт за фолклор „Марко Цепенков“ – Скопје, задолжени за дигитализација и за архивска обработка на фотографската збирка, додека, како надворешни соработници, беа ангажирани: проф. д-р Лидија Тантуровска, лектор, проф. д-р Ивана Трајаноска, преведувач од македонски на англиски јазик, Славица Георгиева,

Посочената изложба беше поставена во обете простории на Ликовниот салон на Македонската академија на науките и ументостите (МАНУ) и можеше да се посети во периодот од 12.11.2025 до 31.1.2026 година.

Изложбата имаше цел да презентира, пред научната и пред пошироката јавност, селекција од збирката архивски фотографии од научноистражувачката експедиција на руската академија на науките, под раководство на академикот Никодим Павлович Кондаков, реализирана во летото во 1900 год. во Македонија. Предметната збирка, под наслов „Материјали од патешествието на Н. П. Кондаков во Македонија во 1900 год. и на Атос во 1898 год.“, заведена под инвентарен број: 55724, од 1924 година, се чува во архивата на Институтот за историја на материјалната култура (*Инс̄тӣтӯт Ис̄тории Ма̄териальной Куль̄турьі им. Н. Я. Марра)* при Руската академија на науките. Благодарејќи на воспоставената меѓуинституционална соработка, на ЈНУ Институт за фолклор „Марко Цепенков“ – Скопје му е предадена копија од целокупната збирка, во 2003 година, по што таа станува интегрален дел од неговиот богат Архив. Секако, покрај напорите за нејзина дигитализација и соодветна научна обработка, Институтот за фолклор, во последните години, интензивно работи на промоција и на презентација на оваа значајна колекција стари архивски фотографии, доближувајќи ја до јавноста преку пригодни изложби на избрани фотографии, чија кулминација претставува токму предметната изложба, поставена во Ликовниот салон на МАНУ во Скопје.

Во согласност со природата на изложбените материјали, поставката, покрај серијата избрани фотографии, се состои и од наративно-дидактички дел, сочинет од осум двојазични изложбени паноа (со текстови на македонски и на англиски јазик), со димензии 90 см/180 см. Тие се поставени на четири подвижни панели, двострано, чија позиција во изложбениот простор на Ликовниот салон на МАНУ (на горното ниво) е избрана внимателно, така што претставува суптилно назначен визуелен влез/излез, односно почеток/крај на изложбената поставка и овозможува динамична патека на движење на посетителите низ неа. Тематски, изложбените паноа се однесуваат на: историскиот контекст, односно на состојбата во Отоманската Империја, а пред сѐ во нејзините балкански провинции на преминот од XIX кон XX век; на странските истражувачки мисии, кои патувале низ

---

архитект, задолжена за графичката обработка и за подготовка за печатење на изожбените материјали и Владо Димоски, врамувач. Значаен е и придонесот на проф. д-р Јана Манева-Чупоска и на ликовниот уметник Дејан Иванов, во поставувањето на изложбената поставка. На сите наведени, во оваа пригода им искажувам огромна благодарност.

Македонија, мотивирани од геостратешките интереси на нивните матични земји; со особен фокус, се разбира, на научноистражувачката експедиција на Руската академија на науките во Македонија (1900 год.), реализирана под покровителство на самиот император, големиот кнез Константин Константинович Романов, а предводена од истакнатиот научник – академикот Никодим Павлович Кондаков. Понатаму, е даден и осврт на другите членови на експедицијата: Павел Николаевич Муљуков (историчар), Пјотр Алексеевич Лавров (лингвист – славист), Пјотр Петрович Покришкин (архитект – историчар на архитектурата) и Дмитриј Константинович Крајнев (фотограф и уметник), како и на правците на движење на истражувачите низ територијата на Македонија и на посетените локации (градови, села, манастири), прикажани на подробна мапа. На крајот, во рамките на дидактичко-наративниот дел од изложбената поставка, е вклучен и осврт на фотографскиот занает, односно на неговата појава и неговиот развој токму во XIX век. Во тој контекст, од особено значење е што фотографијата како медиум, во тој период, започнува да се користи и во научноистражувачки цели, како релевантен документарен извор.

Впрочем, токму руската научна експедиција во Македонија се издвојува од другите истражувачки кампањи на Балканот според исклучителниот квантитет на фотографии што ги продуцирала (вкупно дури 478 фотографии), а кои претставуваат доминантен дел од исклучително значајната збирка на документи, генерирана од руската експедиција (покрај фотографии, биле изработени и: цртежи, снимки, скици и белешки). Предметната збирка претставува непроценлива и, до ден-денес, релевантна архива, посветена на богатото културно наследство на Македонија, како и сведоштво за неговата состојба во специфичните историско-политички околности на самиот крај од XIX век.

Имајќи го предвид значењето на фотографската збирка од руската научноистражувачка мисија во Македонија (во 1900 год.), главнината од изложбената поставка ја сочинува селекција од репрезентативни архивски фотографии (вкупно 69),[2] кои, понатаму,

[2] Селектираните фотографии ги отсликуваат итинерарите на движење на руската експедиција: започнувајќи од Константинопол, како почетна точка на нивното патешествие, потоа Солун, како еден од најзначајните градови во европскиот дел од Отоманската Империја, Битола, Ресен, Охрид, Демир Хисар, Сер, Струмица, Дојран, Штип, Велес, Скопје, Куманово итн. Притоа, направениот избор на фотографии од збирката ја потврдува нејзината сеопфатност во однос на научниот интерес, кој ги мотивирал членовите на руската експедиција – не само насочен кон: монументалната средновековна сакрална архитектура, камената пластика, фрескоживописот и иконописот, туку и кон етнографските и антрополошките проучувања на македонскиот

графички се обработени и се подготвени за презентација, испечатени на фотохартија и врамени во дрвени рамки (со димензии 40 см/50 см) со соодветна заднина, паспарту и застаклување. Фотографиите се придружени од двојазични легенди, кои, покрај архивските броеви под кои се заведени фотографиите, вклучуваат и опис на нивната содржина. Вака подготвени, фотографиите се презентирани на класичен начин, поставени на периметралните ѕидови од двете простории на Ликовниот салон на МАНУ, групирани и аранжирани соодветно во согласност со обликовното решение, односно со дизајнот на изложбената поставка.

Понатаму, селекција од 5 портретни фотографии е испечатена на индивудуални парчиња, т.н. меш-платно, со димензии 80 см/200 см, кои „се обесени“ во динамична композиција на долното ниво од Ликовниот салон. Семитранспарентната природа на избраниот материјал, која извонредно соодветствува на мекоста на архивските црно-бели фотографии, надополнувајќи ја со помош на својата перфорирана структура нивната пикселирана, зрнеста површина, придонесува кон внесување на игра на светлината и сенката во галерискиот простор. Истовремено, избраните портретни фотографии се обработени и се прилагодени на димензиите на платната, така што ликовите, претставени на нив, имаат човекомерни димензии, поставени во линија на погледот на посетителите, чија патека на движење меандрира меѓу платната, како меѓу сограѓани, за кои времето застанало во еден миг дури пред 125 години. Покрај силната емотивна содржина, со висечките платна се воведува одредена динамика во, инаку, статичната периметрална поставка. Едновремено, платната играат одредена улога и во визуелна, односно во просторна фрагментација на изложбениот простор, овозможувајќи создавање на дистинктивни простори, каде што се поставени групации на тематски и на естетски сродни фотографии од збирката.

На свеченото отворање на изложбата, свое обраќање имаа: претседателот на МАНУ, академикот Живко Попов; директорот на ЈНУ Институт за фолклор „Марко Цепенков“ – Скопје, проф. д-р Зоранчо Малинов, и авторот на изложбата, доц. д-р Емилија Апостолова Чаловска. Во таа пригода, покрај изложбата, беше промовирана и истоимената монографија, во која интегрално е поместена целокупната фотографска збирка, чиј уредник е проф. д-р Ермис Лафазановски од ЈНУ Институт за фолклор „Марко Цепенков“ – Скопје, а како автори се јавуваат: проф. д-р Билјана Ристовска-Јосифовска од ЈНУ Институт за национална историја, проф. д-р Јасминка Ристовска Пиличкова и доц. д-р Емилија Апостолова

народ и на другите заедници, кои живееле во Македонија на преминот од XIX кон XX век.

Чаловска од ЈНУ Институт за фолклор „Марко Цепенков“ – Скопје и проф. д-р Сашо Цветковски, дописен член на МАНУ, кој, истовремено, имаше улога и на промотор на монографијата.

На отворањето на изложбата и на промоцијата на монографијата присуствуваа бројни гости: претставници на МАНУ, на академската заедница и на научната јавност, на МПЦ-ОА, претставници од Министерството за култура и туризам, од музеите и од стручните институции за заштита на културното наследство, како и пошироката публика. Интересот за изложбата продолжи и во подоцнежниот период, додека беше достапна за посета, како ретка можност да се види оваа ретка збирка архивски фотографии и да се доживее Македонија во еден специфичен момент од нејзиното богато и турбулентно минато.

## ПРИЛОЗИ

### Фотографии




Сл. 1: Покана за изложбата „Македонија во 1900 година. Фотографии од научната експедиција на Никодим Павлович Кондаков“




Сл. 2: Од отворањето на изложбата „Македонија во 1900 година. Фотографии од научната експедиција на Никодим Павлович Кондаков“, поставена во Ликовниот салон на МАНУ



Сл. 3: Дел од изложбената поставка „Македонија во 1900 година. Фотографии од научната експедиција на Никодим Павлович Кондаков“, поставена во Ликовниот салон на МАНУ



Сл. 4: Поглед кон наративно-дидактичкиот дел од изложбената поставка „Македонија во 1900 година. Фотографии од научната експедиција на Никодим Павлович Кондаков“, поставена во Ликовниот салон на МАНУ



Сл. 5: Поглед кон дел од изложбената поставка „Македонија во 1900 година. Фотографии од научната експедиција на Никодим Павлович Кондаков“, поставена во Ликовниот салон на МАНУ

*Македонски фолклор*, год. LVII, бр. 89, стр. 173–181

# ON THE EXHIBITION “MACEDONIA IN 1900. PHOTOGRAPHS FROM THE SCIENTIFIC EXPEDITION OF NIKODIM PAVLOVICH KONDAKOV”

Emilija Apostolova Čalovska
“Marko Cepenkov” Institute of Folklore in Skopje
apostolova_ema@yahoo.com

Summary

As part of the commemorative celebrations marking its 75th anniversary in 2025, the “Marko Cepenkov” Institute of Folklore in Skopje organized the exhibition titled “Macedonia in 1900. Photographs from the Scientific Expedition of Nikodim Pavlovich Kondakov”. The exhibition forms part of the project “125 Years since the Scientific Expedition of N. P. Kondakov in Macedonia (1900)”, implemented by “Marko Cepenkov” the Institute of Folklore in Skopje, with the support of the Ministry of Culture and Tourism of the Republic of North Macedonia. The author of the exhibition and its design is Assoc. Prof. Emilija Apostolova Čalovska, PhD, researcher of vernacular architecture at the Department of Traditional Arts and Architecture, “Marko Cepenkov” Institute of Folklore in Skopje. Several colleagues from the Institute, as well as external collaborators, also participated in the realization of the exhibition.

The exhibition was installed in both halls of the Art Salon of the Macedonian Academy of Sciences and Arts (MASA) and was open to visitors from November 12, 2025, to January 31, 2026. The aim of the exhibition is to present to the scholarly and wider public a selection from the collection of archival photographs produced during the scientific research expedition of the Russian Academy of Sciences, led by Academician Nikodim Pavlovich Kondakov, carried out in Macedonia in the summer of 1900. The collection titled “Materials from the Journey of N. P. Kondakov in Macedonia 1900 and on Athos 1898” registered under inventory number 55724, has been preserved since 1924 in the archive of the Institute of the History of Material Culture named after N. Ya. Marr at the Russian Academy of Sciences. A copy of the collection was gifted to the Institute of Folklore in 2003, after which it became an integral part of its rich Archive.

This collection represents an invaluable and still highly relevant archive dedicated to the rich cultural heritage of Macedonia and bears witness to its condition in the specific historical and political circumstances at the very end of the 19th century. Alongside efforts toward its digitization and appropriate scholarly processing, in recent years the Institute has worked intensively on promoting and presenting this significant collection of old archival photographs, bringing it closer to the public through thematic exhibitions of selected photographs. The exhibition at the Art Salon of MASA in Skopje represents the culmination of these activities.

At the official opening of the exhibition, addresses were delivered by the President of MASA, Academician Živko Popov; the Director of the “Marko Cepenkov” Institute of Folklore in Skopje, Prof. Zorančo Malinov, PhD; and the exhibition’s author, Assoc. Prof. Emilija Apostolova Čalovska, PhD. On that occasion, a monograph bearing the same title was also promoted, containing the complete photographic collection. The editor of the monograph is Prof. Ermis Lafazanovski, PhD from the “Marko Cepenkov” Institute of Folklore in Skopje and

its authors include Prof. Biljana Ristovska-Josifovska, PhD (Institute of National History), Prof. Jasminka Ristovska Piličkova, PhD and Assoc. Prof. Emilija Apostolova Čalovska, PhD, from "Marko Cepenkov" Institute of Folklore in Skopje, as well as Prof. Sašo Cvetkovski, PhD, corresponding member of MASA, who also served as promoter of the monograph.

The exhibition opening and monograph promotion were attended by numerous guests: representatives of MASA, the academic community and scientific public, the Macedonian Orthodox Church – Ohrid Archbishopric, representatives of the Ministry of Culture and Tourism, museums, professional institutions for the protection of cultural heritage, as well as members of the broader public. Interest in the exhibition continued throughout the period it was open to visitors, as a rare opportunity to view this exceptional archival photographic collection and to experience Macedonia at a specific moment in its rich and turbulent past.